Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр.05/2002) и член 19 став 2 точка 11 од од Статутот на Општина Берово („Службен Гласник на Општина Берово“ бр. 13/2002, 18/2007, 30/2008 и 20/2010), а во врска со член 28 став 5 од Законот за заштита и благосостојба на животните, (“Службен Весник на Република Македонија” бр.149/2014, 149/2015 и 53/2016), Советот на Општина Берово на 27-та седница одржана на ден 23.03.2023 година донесе:

# П Р А В И Л Н И К
## за критериумите и постапката за субвенционирање на 100 % од трошоците за стерилизација на 30 (триесет) женки-кучиња на територијата на општина Берово

Член 1

Општина Берово ќе врши субвенционирање на 100 % од трошоците, но не повеќе од 3.000,00 денари *(три илјади денари)* по куче, за стерилизација на 30 (триесет) женки-кучиња на територијата на општина Берово.

Со овој Правилник се утврдуваат условите под кои може да се поднесе Барање за субвенционирање на 100% од трошоците, но не повеќе од 3.000,00 денари *(три илјади денари)* по куче, за стерилизација на женки-кучиња на територијата на општина Берово, како и критериумите и постапката за субвенционирање.

Член 2

Субвенцијата се состои од:

• Покривање на 100% од трошоците, но не повеќе од 3.000,00 денари *(три илјади денари)* по куче, кои лицето - сопственик на женка-куче ги има направено за стерилизација на истото.

Член 3

Средствата наменети за оваа намена ќе се исплатат на начин што лицето - сопственик на женско куче, во рок од 30 (триесет) дена од извршената стерилизација на кучето, до Општина Берово ќе поднесе Барање за субвенционирање на 100% од трошоците, но не повеќе од 3.000,00 денари *(три илјади денари)* по куче, за стерилизација на женка-куче со следната документација:

- ✓ Фотокопија од лична карта на сопственикот (како доказ дека има регистрирана адреса на живеење на територијата на општина Берово);
- ✓ Доказ дека кучето е регистрирано и чипирано (како доказ за сопственост на кучето – фотокопија од пасош);
- ✓ Потврда од Регистрирана ветеринарна установа за извршена стерилизација на кучето;

- ✓ Доказ за извршена уплата на средства, како и висината на трошоците за извршената стерилизација;
- ✓ Фотокопија од трансакциска сметка на сопственикот на кучето.
- ✓ Фотографија од кучето на кое е извршена стерилизација

Член 4

Доколку барателот на субвенцијата е сопственик на повеќе женки-кучиња и на сите има направено стерилизација, истиот треба да поднесе онолку барања колку што има третирани кучиња, односно посебно барање за секое куче.

Член 5

За првите 30 (триесет) уредно поднесено Барање до општината, ќе се врши исплата на 100% од трошоците кои лицето - сопственик на женка-куче ги има направено за стерилизација на истото, од Буџетот на Општина Берово.

Член 6

Средствата предвидени во Буџетот за оваа намена, ќе ги доделува Градоначалникот на Општина Берово.

За секое поднесено Барање, од страна на Комисија формирана од Градоначалникот ќе се изготвува Записник за утврдување кои физички лица ги исполнуваат критериумите за субвенционирање.

Доколку барателот достави некомплетна документација, Комисијата од став 2 на овој член е должна да му достави известување на барателот и да го задолжи во рок од 5 работни дена по приемот на известувањето да ги комплетира документите.

Доколку барателот не ги комплетира документите во рокот предвиден во став 3 од овој член, ќе се смета дека не ги исполнува условите за субвенционирање и Барањето ќе му биде одбиено.

Доколку барателот достави уредна и комплетна документација, од страна на Градоначалникот на Општина Берово ќе биде донесено Решение за субвенционирање на дел од трошоците за стерилизација на женки-кучиња на територијата на општина Берово.

Барањето, еден примерок од Записникот од Комисијата и еден примерок од Решението за субвенционирање на дел од трошоците за стерилизација на женки-кучиња на територијата на општина Берово се доставува до Одделението за финансиски прашања.

По еден примерок од Решението за субвенционирање на дел од трошоците за стерилизација на женски кучиња на територијата на општина Берово се доставува и до барателот и до Архива на Општина Берово.

Член 7

Доколку на повикот се пријават повеќе од 30 (триесет) лица кои ги исполнуваат условите за субвенцинирање, Комисијата ќе го примени принципот “прв дојден- прв услужен”, односно правото ќе го остварат првите 30 (триесет) лица, чии Барања за субвенционирање ќе бидат навремени и кои во целост ги исполнуваат условите од повикот.

Член 8

Правилникот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен Гласник на Општина Берово”.

Бр.09-1230/1
23.03.2023 година
Берово

Совет на Општина Берово
Претседател
с.р. Марија Буровска